МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# *ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА*

IV ГОДИНА

***ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА***

***Медицинска сестра***

Скопје, 2008 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ХИРУРГИЈА СО ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО СО НЕГА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: медицинска сестра техничар

1.2.2. Струка: зравствена

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1.Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 3 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 99 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по предметот **хирургија со гинекологија и акушерство** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја познава анатомијата и функцијата на женските генитални органи;
- да ги разликува физиолошките од патолошките состојби во гинекологијата и акушерството;
- да ги класифицира најчестите патолошки отстапувања;
- да ги препознава симптомите за рана дијагноза на карциномот на грлото на матката;
- да ги познава поимите и техниките на најчестите гинеколошки интервенции и операции;
- да ги наведува начините за планирање на семејството;
- да објаснува кога, каде и како настанува оплодување;
- да го познава нормалниот тек на бременоста, развојот на плодот и физиолошките промени кај бремената жена;
- да ја дефинира антепарталната заштита на бремената жена;
- да применува постапки кај пациентки со гестози;
- да ги идентификува симптомите и причините за крвавење во рана и доцна бременост;
- да го опишува текот и механизмот на нормалното породување;
- да објаснува згрижување на новороденче и техника на доење;
- да ги диференцира физиолошките, од патолошките состојби во леунството;
- да применува професионални етички стандарди во вршењето на професионалната работа;
- да ги интегрира стекнатите знаења во другите стручни предмети.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно спроведување на зацртаните цели, потребни се претходни познавања од анатомија и физиологија, патологија, основните принципи на нега на болен со фармакотерапија, хигиена со здравствено воспитување, хирургија, педијатрија, изучувани во I, II и III година, предмети застапени во курикулумот на струката и предмети карактеристични за образовниот профил застапени во соодветниот наставен план.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Бр. на часо -ви | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА НА ЖЕНСКИТЕ ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ** | **5** | Ученикот:<br>- да ги познава целите и задачите на гинекологијата;<br>- да ги познава надворешните генитални органи на жената и да ја објаснува нивната функција;<br>- да ја познава анатомијата на внатрешните генитални органи;<br>- да ја објаснува функцијата, меѓусебната поврзаност и топографскиот сооднос со соседните органи во малата карлица. | - Дискутирање во врска со задачите, целите на гинекологијата како наука, установите за заштита на жена;<br>- презентирање на атлас, мулажи. | Практична настава |
| **2. МЕНСТРУАЛЕН ЦИКЛУС И ЖИВОТНИ ПЕРИОДИ КАЈ ЖЕНАТА** | **5** | - Да ги познава физиолошките особености на менструалниот циклус;<br>- да разликува менструален циклус од менструално крвавење;<br>- да ги разликува фазите на ендометриумот во текот на менструалниот циклус;<br>- да ја разбира потребата од хигиена на жената за време на менструалниот циклус; | - Објаснување со помош на постер и видеопрезнтација на функционалната поврзаност на оската хипоталамус -хипофиза - овариум;<br>- развивање на дискусија за хигиената на жената за време на менструално крвавење ;<br>- презентирање на видео - материјали за функцијата на | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги набројува животните периоди на жената во корелација со функцијата на јајчниците;<br>- да ги наведува најчестите физиолошки и патолошки случувања во животниот период на жената. | јајчниците во тек на животот на жената и нивното делување на одделни ткива и органи од новородено до сенилиум. | |
| **3. БРАЧНА НЕПЛОДНОСТ** | **6** | - Да ги дефинира поимите стерилитет и инфертилитет;<br>- да ги познава најчестите причини за инфертилитет од страна на мажот и жената и постапките и методите за нивно докажување;<br>- да ги познава мерките за спречување на инфертилитетот:<br>- да ги наведува начините за лекување на неплодноста;<br>- да ги разликува методите за асистирана репродукција: инсеминација и ин витро фертилизација. | - Дефинирање на поими за инфертилитет;<br>- објаснување на причините за неплодност ка обата пола;<br>- објаснување на редоследот на иследувања на обата партнери;<br>- презентирање на слики и слајдови за методите на откривање на неплодност;<br>- опишување на методите на асистирана репродукција. | Интерна медицина и педијатрија со нега<br>Практична настава |
| **4. НАРУШУВАЊЕ НА МЕНСТРУАЛНИОТ ЦИКЛУС** | **5** | - Да ги дефинира поимите циклични и ациклични нарушувања на менструалниот циклус и аномалии на ритамот на циклусот;<br>- да објаснува физиолошка, патолошка, примарна и секундарна аменореа;<br>- да ги разликува поимите метрорагија, менорагија, | - Поврзување на начините на одвивање на физиолошкот со патолошкиот менструален циклус;<br>- анализирање на причините за нарушувања на мнструалниот циклус;<br>- опишување на симптомите и начините на лекување при променет менструален | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | хиперменореа и хипоменореа;<br>- да ги опишува симптомите при примарна и секундарна дисменореа. | циклус. | |
| **5. ВОСПАЛЕНИЈА И ТУМУРИ НА ЖЕНСКИТЕ ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ И СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ БОЛЕСТИ (СПБ)** | **14** | - Да ги наведува најчестите воспаленија на надворешните генитални органи на жената и нивните предизвикувачи;<br>- да ги објаснува воспаленијата на внатрешните генитални органи на жената, а особено вагиналните групи на чистота;<br>- да разликува аднекситис од параметритис и нивните најчестите предизвикувачи;<br>- да ги познава начините на лекување и превенција од инфекција на гениталните органи на жената;<br>- да ги опишува најчестите причинители на СПБ, начинот на пренесување, последиците и заштита од нив, вклучуваќи и СИДА;<br>- да ги разликува бенигните од малигните тумори на матката и јајниците;<br>- да ги именува ризик факторите за развој на малигни тумори на грлото на матката вклучувајќи и ХПВ;<br>- да познава малигни тумори на јајчниците, клиничка слика, | - Презентирање на слики или слајдови со воспаленијата на надворешните генитални органи на жената;<br>- прикажување на табела на групите на вагинална чистота;<br>- објаснување на начините за пренесување на инфекција на внатрешните генитални органи да го дефинира поимот СПБ;<br>- демонстрирање на средства за заштита на жената од инфекции на гениталните органи и СПБ;<br>- поврзување на претходните познавања на учениците преку подготвени прашања;<br>- презентирање на начини за рано откривање на малигните тумори на грлото на матката и современи скрининг методи;<br>- истакнување на потребите од информирање на населението за рано откривање на туморите на гениталните органи. | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дијагноза и терапија за туморите;<br>- да ги објаснува начините на превенција и рано откривање на тумрите на гениталните органи кај жената. | | |
| **6. ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СТАТИКАТА НА ВНАТРЕШНИ ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ, ФИСТУЛИ И ПОЧЕСТИ ГИНЕКОЛОШКИ СИМПТОМИ** | **7** | - Да ја објаснува нормалната положба на внатрешните генитални органи на жената;<br>- да ги распознава промените: РВФ, десценсус утери, пролапсус утери, цистоцела, ректоцела; нивните симптоми, причините и можностите за лекување;<br>- да објаснува токогени фистули, нивно дијагностицирање и препознавање на симптомите;<br>- да ги идентификува почестите гинеколошки симптоми: флуор гениталис, пруритус, диспареунија, причините за нивно јавување и начините за лечење;<br>- да ги објаснува техниките на почестите процедури, интервенции и операции во гинекологијата. | - Презентирање на слики од атлас за нормалната положба на гениталните органи на жената и нивниот соодност со соседните органи;<br>- презентирање на шеми да се опишуваат најчестите отстапувања во положбата и статиката;<br>- потенцирање на најчестите симптоми;<br>- објаснување на причината за барање на лекарски совет;<br>- поставување на однапред подготвени прашања за поимите асепса, антисепса, стерилизација;<br>- објаснување на почестите интервенции и операции во гинекологијата преку видеопрезентација. | Практична настава |
| **7. ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО** | **4** | - Да објаснува контрацепција;<br>- да ги набројува методите и средствата за контрацепција; | - Прикажување на методите и средствата за контрацепција;<br>- презентирање на примери на | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги разликува хормоналните од физичките контрацептивни средства;<br>- да објаснува артифициелен абортус, до кога може да се изведува, рани и доцни компликации. | некои од средствата;<br>- објаснување на некои од можните компликации од абортус. | |
| **8. АКУШЕРСТВО ОПЛОДУВАЊЕ, НИДАЦИЈА, ПЛАЦЕНТАЦИЈА** | **6** | - Да ја познава организираноста на перинатолошката служба;<br>- да го објаснува начинот на оплодување и формирањето на зиготот;<br>- да ги познава фазите од делбта на зготот (морула, бластула);<br>- да го објаснува изгледот и функциите на постелката. | - Објаснување на акушерството како наука;<br>- презентирање на установите за заштита на бремената жена со помош на слајдови или видеоснимка;<br>- презентирање на видеоматеријал за: оплодување, фомирање на бластоциста и изглед и фукции на постелката. | Практична настава |
| **9. ФУНКЦИОНАЛНИ ПРОМЕНИ КАЈ ЖЕНАТА ВО ТЕК НА БРЕМЕНОСТА** | **4** | - Да ги познава физиолошките промени на одделни органи и системи на жената во текот на бременоста;<br>- да го опишува развојот на плодот во одделни лунарни месеци од бременоста;<br>- да ги разликува знаци на бременост;<br>- да ги познава тестовите за дијагноза на бременост. | - Презентирање на промените на одделни органи и системи кај жената во текот на бременоста;<br>- презентирање на промените во метаболизмот кај бремена жена;<br>- презентирање на видеоматеријал за раст и развој на плодот во одделни месеци од бременоста;<br>- опишување на методите за рано дијагностицирање на бременост со помош на анамнеза, клинички преглед, | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | имунолошки тестови и ултразвук. | |
| **10. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГЕСТАЦИСКАТА СТАРОСТ И ВЕРОЈАТЕН ТЕРМИН ЗА РАЃАЊЕ (ВТР)** | **8** | - Да ги познава субјективните и објективните начини за одредување на гестациската старост, како и веројатниот термин за раѓање (ВТР);<br>- да разликува абортус од партус според гестациската старост;<br>- да дефинира предтерминско, терминско и посттерминско породување;<br>- да опишува ситус, хабитус, презентација и позиција на плодот и начини за нивно одредување;<br>- да го познава индирекното значење на пелвиметријата во акушерството;<br>- да ги разликува класичниот од современиот начин на регистрирање на срцевите тонови на плодот. | - Демонстрирање на начините за одредување на гестациска старост и ВТР;<br>- презентирање на начините на одредување на сместување на плодот;<br>- демонстрирање на фантом за одредување на карлични мерки;<br>- презентирање на класичен и современ начин на аускултација на срцеви тонови. | Практична настава |
| **11.АНТЕПАРТАЛНА ЗАШТИТА, ИСХРАНА И ХИГИЕНА НА БРЕМЕНАТА ЖЕНА** | **6** | - Да ги познава установите за антепартална заштита;<br>- да ја објаснува потребата од редовни лабораториски и ултразвучни прегледи во текот на бременоста;<br>- да укажува на потребата од редовни контроли од страна на лекар - гинеколог во текот на | - Презентирање на слајдови на установи за антепартална заштита;<br>- презентирање на листи за редовни лабораториски прегледи кај бремена жена;<br>- презентирање на видеоматеријал со ултразвучен преглед; | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | бременоста;<br>- да ја сфаќа улогата на медицинската сестра во давање одредени совети во тек на бременоста;<br>- да ги опишува начините на исхрана кај бремената жена;<br>- да ја прикажува потребата од подготовка на дојките за лактација;<br>- да ја означува потребата од специфична хигиена на бремената жена. | - објаснување кои хранливи материи и во која количина да ги внесува бремената жена;<br>- објаснување за хигиената на телото, нега на брадавиците, пушењето, сексуален однос, работење и патување во бременост. | |
| **12. ЗАБОЛУВАЊА ВО БРЕМЕНОСТА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД БРЕМЕНОСТА (ГЕСТОЗИ) И ЗАБОЛУВАЊА КОИ НЕ СЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД НЕА** | **4** | - Да препознава рани гестози (симптоми, клиничка слика, терапија);<br>- -да препознава доцни гестози (симптоми, клиничка слика,отстапувања во лабораториски наоди, терапија, профилакса);<br>- -да применува соодветни постапки на пацинентка во еклампсија.<br>- да ги познава најчестите заболувања кои не се предизвикани од бременоста, а се јавуваат во тек на истата, како и евентуалните последици по мајката и фетусот. | - Објаснување за препознавање на доцните гестози;<br>- потенцирање на превенцијата на доцните гестози;<br>- демонстрирање на редослед на постапки со пациентка во еклампсија. | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13. КРВАВЕЊА ВО РАНА И ДОЦНА БРЕМЕНОСТ** | **8** | - Да ги наведува причините за крвавење во рана бременост;<br>- да објаснува заканувачки, започнат и абортус во тек (клиничка слика и терапија);<br>- да разликува артефициелен и спонтан абортус (инкомплетен и комплетен);<br>- да објаснува ектопична бременост: рана дијагноза, причини, клиничка слика и терапија (конзервативна и оперативна);<br>- да опише гроздеста мола и опасност од хориокарцином.<br>- да ги дефинира патолошките состојби placenta previa и abruptio placentae;<br>- да ги разликува симптомите при ниско всадена постелка предвремено одлепување на постелката;<br>- да ја познава терапијата и постапките кои се применуваат кај ниско всадена постелка предвремено одлепување на постелката;<br>-да ги познава опасностите по животот на плодот и мајката кај ниско всадена постелка предвремено одлепување на постелката. | - Објаснување на ризик факторите кои се причина за појава н спонтани абортуси;<br>- анализирање на причините и можностите за изведување на артефицијален абортус;<br>- презентирање на компликациите кои се последица на абортус (атрефицијален и спонтан);<br>- презентирање на важноста од разликување на патолошките состојби placenta previa и abruptio placentae;<br>- демонстрирање на шеми за помош на пациентки со крвавења во доцна бременост. | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14. ЛЕКОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ВО БРЕМЕНОСТА ПОДГОТОВКА ЗА ПОРОДУВАЊЕ** | **4** | - Да познава кои се апсолутно контраиндицирани лекови во текот на бременоста;<br>- да познава групи на лекови кои можат да се користат во тек на бременост;<br>- да познава некои од методите за подготовка на бремената жена за породување. | - Истакнување кога е корисно, а кога непотребно да се даде лек;<br>- објаснување на влијанијата на медикаментите во тек на бременоста;<br>- објаснување на појавата на одредени заболувања во тек на бременоста (diabets mellitus, AMCP, ABI и др.)<br>- укажување на опасноста од инфективни заболувања во текот на бременоста;<br>- демонстрирање на начини на давање на совети за мајчинство. | Практична настава |
| **15.НОРМАЛНО ПОРОДУВАЊЕ И СОВРЕМЕНО ВОДЕЊЕ НА РАЃАЊЕ** | **7** | - Да објаснува нормално породување и кои фактори учествуваат во породувањето;<br>- да ги познава предзнаците за породување;<br>- да го објаснува редоследот на случувања во одделни родилни фази;<br>- да го опишува механизмот на породување;<br>- да ги познава можностите за кондиционирано раѓање, најчестите медикаменти за активно водење на породувањето во одделни родилни периоди;<br>- да ги опишува причините за | - Демонстрирање на механизмот на нормалното породување на фантом,<br>- презентирање на видеоматеријал за механизмот на нормално породување;<br>- Презентирање на протоколи за кондиционирно водење на породувањето;<br>- анализирање на медикаментите со кои се врши современо водење на раѓањето;<br>- опишување на најчестите причини за абнормално (патолошко) породување; | Практична настава |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | абнормално (патолошко) породување;<br>- да објаснува оперативно завршување на породувањето;<br>- да ги идентификува начините на апликација на вакуум екстрактор, форцепс и начинот на изведување на царски рез. | - прзентирање на патолошките положби на плодот во матката;<br>- презентирање на видеоматеријал за оперативно завшување на раѓањето. | |
| **16. ПРВО ЗГРИЖУВАЊЕ НА НОВОРОДЕНОТО Rh ИНКОМПАТИ-БИЛИЈА ПУЕРПЕРУМ** | **6** | - Да ги опишува постапките при прво згрижување на новородено: аспирирање, лемување на папчани, мерење на должина и тежина, нумерирање, одредување на Апгар скор, повиткување;<br>- да познава мекониум и физиолошка жолтица кај новородено;<br>- да ги разликува патолошките состојби кај новороденото патолошки иктерус и хемолитичка болест;<br>- да ја објаснува состојбата на Rh инкомпатибилија;<br>- да ја опишува улогата на медицинската сестра при подготовката за доење;<br>- да ги познава физиолошките промени кај породената жена;<br>- да ги разликува најчестите патолошки состојби во периодот на пуерпериум. | - Демонстрирање на постапката за прво згрижување на новородено на фантом;<br>- презентиање на: табели за одредување на Апгар скор кај новородно, начин за одредување на Rh инкомпатибилија, параметри со кои се одредува постоењето на патолошки иктерус и хемолитичка болет кај новороденче, видеоматеријал за техниките на доење. | Интерна и педијатрија со нега<br>Практична настава |

**4.2. Наставни методи и активности на учење**

Согласно целите на наставната програма по **хирургија со гинекологја и акушерство со нега** наставникот применува современи наставни методи кои на ученикот му даваат можност да биде активен учесник во наставата преку неговите активности во училиштето и вон училиштето. Овие наставни методи подразбираат примена на наставните форми за работа: работа во групи, во парови/тендеми/или индивидуално.

Во текот на наставата наставникот ги презема следните активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, анализира, дискутира, поставува прашања, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, го води ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, демонстрирање, читање и пишување, правење проекти на дадена тема, изработување домашни задачи и друго.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Воспитно - образовната работа по наставниот предмет **хирургија со гинекологја и акушерство со нега** се реализира преку теоретска настава во кабинет-училница. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повтрување, утврдување, правење проекти на дадена тема, гледање на видеофилмови и ЦД, преку организирање на работилници со содржини од областа на **хирургија со гинекологја и акушерство со нега**.

**4.4. Наставни средства и помагала**

За поефикасно постигнување на целите се користи: графоскоп, компјутери, телевизор, видеоленти и ЦД, слики, текстови и други наставни средства и помагала предвидени според нормативот за простор, опрема и наставни средства.

За поуспешно совладување на целите на предметот ученикот користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, дополнителна литература за наставникот, Интернет, стручни списанија и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно, вежби и писмено преку тестови на знаења или други форми, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да ги применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот **хирургија со гинеколгија и акушерство со нега** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- општа медицина - доктор на медицина;

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** се реализира во кабинет-училница, опремена според нормативот за простор и опрема за струката и профилот медицинска сестра.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка:** март 2008 година

**7.2. Состав на работната група:**

1. д-р спец. Лидушка Василеска, раководител,советник, ЦСОО- Скопје
2. д-р Аница Хаџи-Петрушева Јанкијевиќ, наставник, СМУГС,,Д-р Панче Караѓозов”- Скопје
3. д-р Соња Славковиќ, наставник, СМУГ„Д-р Панче Караѓозов”- Скопје
4. д-р спец. Никола Баџаков, ПЗУ„Мала Богородица“-Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: септември 2008 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по **хирургија со гинекологија и акушерство со нега** ја одобри(донесе) Министерство за образование и наука со решение бр. 07 - 4332 / 1 од 03. 06. 2008 година.